# СВЕТОТ ВО КОЈ ЖИВЕЕМЕ

ANDERS MÖHL  FREDDER WANOTH

## Die Welt in der wir leben



TWO CONTRA-POSITIONS OF THE INFORMATION-SOCIETY

среда, 15 септември 1999 20.00 часот - Музеј на град Скопје





# Андерс Мел

## Anders Möhl

Роден 1962 г. во Хесиа, Германија

1983 - 1989 г. студира фреско и ѕидно сликарство на Академијата за ликовни уметности во Нирнберг, Германија

1989 - 1990 г. корисник на стипендија на Академијата за ликовни уметности во Краков, Полска

1990 - 1993 г. работи како асистент на Академијата за ликовни уметности во Нирнберг, кај Професорот W. Knaupp

Излагал во: Нирнберг, Минхен, Франкфурт, Келн, Стеин, Дрезден и Краков





# Фредер Ванот

## Fredder Wanoth

Роден 1957 г. во Баварија, Германија

1978 - 1983 г. студира визуелни комуникации на Политехничкиот факултет во Нирнберг, Германија

1983 - 1989 г. студира сликарство на Академијата за ликовни уметности во Нирнберг

1989 - 1990 г. користи стипендија на Академијата за ликовни уметности во Краков, Полска

Излагал во: Нирнберг, Гера, Краков, Минхен, Келн, Кведлинбург и Нординген

Проектот "Светот во кој живееме" е заеднички обид на двајцата германски уметници на различни начини да ги претстават сопствените доживувања од нивниот престој во Македонија остварен во 1998 г. Предизвикот од новата средина како инспирација, значи нов приод во постапката и работата, а резултатот се две спротивставени гледања за современото општество.

Андерс Мел во текот на 1998 г. оствари двомесечен студиски престој во Македонија како германски уметник вклучен во програмата за размена на ликовни уметници помеѓу Уметничката галерија од Скопје и Уметничката куќа "Kunsthaus" од Нирнберг, која традиционално се одржува од 1989 г. Во истиот период Македонија беше претставена во Германија од страна на академскиот сликар Вело Ташовски. Андерс Мел, патник дома и низ светот, во различните теми на ликовната уметност прикажува два различни аспекта на неговото дело: првиот го сочинуваат реалистичните, а делумно и надреалистични апстрактни цртежи насловени "Полноќни цртежи ", а вториот акустичниот сувенир од патувањето низ Македонија заедно со фиктивното акустично патување низ неговата родна Германија. Двата звучни колажи се спакувани во две парчиња багаж. Тоа се таканаречените "сентиментални куфери".

Фредер Ванот е посветен на изработката на необични архитектонски модели. На оваа изложба се претставува со два модела: "Збиени градови" и "Патувачки пејзаж" комбиниран со фотоспотови и панорамски слики од последните години.
"Патувачки пејзаж" претставува критички поглед на западноевропското сфаќање за Балканот, особено во однос на возбудливите доживувања од улиците на Македонија. Делата на Ванот секогаш нудат поинаква точка на гледање "на непознататата страна" на нештата која ја среќаваме и во неговите "нетуристички" фотографии.

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ
ART GALLERY SKOPJE

Издавач: Уметничка галерија Скопје
Крушевска 1а, Скопје, Р. Македонија
Тел. ++ 389 91 133 102
Факс ++ 389 91 124 219
Одговорен уредник: Викторија Васева Димеска
Организатор на изложбата: Менка Карапашовска
Графичко и ликовно обликување: Денко Матевски
Печати: Скенпоинт
Тираж: 600
Изложбата е реализирана во соработка со Музеј на град Скопје